СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 48. седница**
**26.5.2021 година**
**Точка на дневен ред бр. 3-1**

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2020 година

**Битола, 2021 година**

# М И С Л Е Њ Е

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2020 година

Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2020 година дава целосна слика за работењето на Банката во текот на 2020 година од аспект на условите во кои Банката ја вршеше својата деловна активност, од аспект на финансиската состојба на Банката, остварениот финансиски резултат и пазарната позиција. Во извештајот, на систематизиран начин е презентирано остварувањето по одделни сегменти од деловното работење, кои ја потврдуваат определбата на Банката за стабилно и профитабилно работење при истовремено почитување на законската регулатива и регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија. Извештајот вклучува податоци за промените на макроекономските и пазарните услови во кои работеше Банката, како и податоци за работењето на органите на Банката во рамки на Извештајот за корпоративно управување, кој е составен дел на овој извештај.

Од Годишниот извештај може да се констатира успешно справување со наметнатите предизвици од пандемијата на ковид-19, како и брзо приспособување на краткорочните активности што придонесоа за остварување на позитивен финансиски резултат, односно Банката оствари добивка пред оданочување во износ од 90,72 милиони денари. Стапката на поврат на капиталот и стапката на поврат на активата како клучни показатели за профитабилност во работењето, изнесуваа 5,84 % и 0,74 %, соодветно. На страната на средствата, фокусот беше ставен на давање поддршка на стопанството и на домаќинствата во услови кога е најпотребна, со што директно влијаевме и на поддршка на целокупната економска активност, истовремено продолжувајќи со интензиви активности за наплата, а при тоа максимално залагајќи се за безбедноста на клиентите при користењето на услугите на Банката, како и за безбедноста на вработените на работните места. Депозитите и понатаму останаа главен извор на средства со учество од 82,36 % во вкупната пасива.

Во Годишниот извештај се вклучени информациите пропишани со Законот за трговските друштва и Одлуката на Народна банка на Република Северна Македонија за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Наше мислење е дека Годишниот извештај дава комплетна и објективна слика за целокупното работење на Банката во 2020 година, за состојбата на нејзините средства и финансиската успешност.

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
Претседател
м-р Миле Зечевиќ